ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 17 ноември 2016

# СООПШТЕНИЕ

## Посета на подрачната служба и на општа болница Борка Талески во Прилеп



Во рамките на отворени денови на Фондот, директорот на ФЗОМ, д-р Сашо Стефаноски денеска ја посети подрачната служба во Прилеп. Стефаноски оствари директни средби со осигурениците и имаше можност непосредно да разговара со нив. Овие средби се еден од барометрите да се детектира перцепцијата на осигурениците за квалитетот на работата на Фондот, какво е нивното задоволство од реализацијата на проектите и услугите, како и можност да дадат предлози или свои идеи.

Осигурениците имаат директна можност да добијат прецизни информации за остварување на правото на ин витро, за поедноставената процедурата за пререгистрација на невработените лица, за рефундирање на здравствените услуги и лекови, како и за тоа дали се наплаќаат лекарските потврди за во градинка/училиште, или други прашања за кои имаат потреба од допрецизирање од страна на стручните лица на подрачните служби на Фондот.



Во рамките на денешната работна посета, се реализираше средба и со менаџментот и здравствените работници во ЈЗУ општа болница „Борка Талески"". За здравствените услуги кои ги користат осигурениците во општата болница Прилеп, Фондот во 2016 година има предвидено буџет од 378,5 милиони денари, кој е зголемен споредено со 2015 кога изнесуваше 343,1 милиони денари. Најчестите болнички услуги се породувањата, третирањето на респираторните инфекции и процедурите на леќа со фако метода, а најчести здравствени услуги во специјалистичко консултативната здравствена заштита се прегледите со медикаментозна терапија, ЕКГ.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

За сите прашања од сферата на здравственото осигурување, осигурениците може да побараат било какви дополнителни информации на веб страницата на Фондот (www.fzo.org.mk) или на социјалните мрежи фејсбук и твитер. Може директно да се обратат во подрачните служби, или да се јават на бесплатниот телефноски број 0800 33 222 секој работен ден од 8.30 до 20.00 часот или по маил на info@fzo.org.mk.